Институт за човекови права

# Покана за учество на обука за примена на Пристапот заснован на човекови права (ПЗЧП)

Почитувани,

Институтот за човекови права ќе ја организира втората обука за користење на Методологијата за **Примена на пристапот заснован на човекови права за граѓанските организации**, која ќе се одржи на 7ми и 8ми октомври 2020 година во хотел Гардениа, Велес.

Пристапот заснован на човековите права во методолошка смисла е рамка чија цел е вклучување на човековите права во сите развојни програми, проекти и активности. Главна карактеристика на ПЗЧП е преместувањето на тежиштето од адресирање на потреби кон остварување на права. ПЗЧП ги дефинира улогите и односите помеѓу носителите на права (*right holders*) и носителите на должности (*duty bearers*), преку анализа на нееднаквостите кои се јадрото на сите развојни проблеми, како и преку отргнување на дискриминаторските практики кои го попречуваат развојот на едно општество.

На обуката се препорачува да присуствуваат лица кои што се вклучени во развој, имплементација или мониторинг и евалуација на програми, проекти или стратегии.

Ве молиме да го најавите присуство **на најмногу 2 (два) учесника од вашата организација најдоцна до 30ти септември 2020 година.** За да се запазат мерките и протоколите за заштита од Ковид-19, бројот на учесници е ограничен и изборот на учесниците ќе биде на принцип прв дојден, прв услужен.

Пријавувањето можете да го направите на следниот **линк** или преку меил.

Сместувањето и превозот се обезбедени од стана на Институтот за човекови права.

*Обуката ќе биде спроведена со ограничен број на учесници запазувајќи ги сите безбедносни мерки за заштита согласно препораките.*

**За дополнителни информации слободно контактирајте не на ihr@ihr.org.mk или на тел број 02 3243 331 лица за контакт Јелена Кадриќ и Маја Стојаноска.**

Со почит,

Институт за човекови права

ЕУ со ТЕБЕ